Согласно член 76 и 77 од Законот за работни односи (Службен весник бр. 80/93) Македонскиот полициски синдикат на II-от Конгрес одржан на 15.11.1997 год. и измените и дополнувањата на Статутот усвоени од страна на Претседателството на МПС на ден 19.06.2002 година , 23.12.2005 година и 30.06.2010 година а верификувани од Советот на МПС на седниците од ден 20.06.2002 година, 23.12.2005 година и V Конгрес на МПС одржан на ден 22.10.2010 година, го донесе

# С Т А Т У Т

на Македонскиот Полициски Синдикат

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Македонскиот Полициски Синдикат (во натамошниот текст МПС) е организација која се бори за остварување, унапредување и заштита на економските и социјални права и правата на работниот однос, професионалниот статус како и културните и другите интереси на своето членство.

- Работниците доброволно се зачленуваат во МПС.
- МПС е независен во застапување на интересите на своето членство во однос на Државата и државните органи, раководните органи на МВР на Република Македонија, политичките партии и верските заедници.
- МПС дејствува на територијата на Република Македонија.
- МПС има својство на правно лице со сопствена жиро сметка и учествува во платниот промет согласно законските прописи.
- МПС доброволно се здружува во повисоките форми на здружени синдикати на национално и меѓународно ниво , како самостоен, автономен, гранков синдикат, заради остварување на заедничките цели и интереси.
- Со својата работа МПС се бори за остварување на функцијата и задачите утврдени со овој Статут, меѓународните конвенции, статутите и другите акти на повисоките форми на здружени синдикати на национално и меѓународно ниво во кои МПС е здружен или членува.

## 2. ИМЕ И СЕДИШТЕ

Член 2

Име на МПС е “Македонски полициски синдикат”. Седиште на МПС е во Скопје на ул. “12-та Ударна бригада”бр.2а во зградата на Работнички дом-Скопје.

Скратен назив на Македонскиот полициски синдикат е МПС.

## 3. ПРИНЦИПИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Член 3

МПС своите делувања ги заснова на следниве принципи:

- заштита на заедничките и посебните интереси на членовите;
- взаемност и солидарност меѓу членовите;
-демократско донесување на одлуки на сите нивоа на организираност;
-права на членовите за заштита на сопствените интереси;
-одговорност на членството, органите и организацијата за изградба и реализација на донесените ставови;
-јавност на работата;
-почитување на Уставот и законите;
-почитување на меѓународните конвенции.

## 4. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 4

МПС ке се залага за остварување на следните цели и задачи:

- учествува во договарањето за утврдување на реална економска цена на работната сила и остварување на најниска плата;
- заедно со надлежниот државен орган односно Министерството за внатрешни работи и сродни органи и организации кои го прифаќаат овој Статут го потпишува Колективниот договор на вработените во оваа дејност, и го следи и помага спроведувањето на потпишаните колективни договори;
- активно учествува во донесувањето на законите и другите прописи со кои се определува економската и социјалната положба на членовите на МПС;
- подобрување на условите за работа, заштита при работа,животна и работна средина,заради заштита на здравјето и животот на вработените во процесот на работата;

- за остварување на правата и барањата на членовите на МПС, разговара, иницира, преговара и како последно средство на синдикална борба организира и води штрајк согласно законските прописи;
- ги уредува и застапува правата од работен однос на своите членови;
-остварува меѓународна синдикална соработка и соработува со други синдикати;
- пружа правна заштита и правна помош на своите членови во остварување на правото од работен однос и учествува во постапката на уредување на правата, обврските и одговорностите на правата што произлегуваат од работниот однос;
- формира Солидарен фонд на ниво на МПС заради солидарност, хуманост и материјална помош на членовите;
- го информира членството за својата работа и јавноста;
- врши синдикално образование и оспособување на синдикалните кадри;
- други цели утврдени со програмата за работа, а кои се од заеднички интерес на членовите на МПС.

Член 5

За остварување на своите цели и задачи и програмски определби, МПС ке ги користи сите легални и законски форми на дејствување на синдикална борба.

## 5. ЧЛЕНУВАЊЕ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОТ, ЧЛЕНСКА КНИШКА И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО

Член 6

Членувањето во МПС е доброволно.

Членови можат да бидат сите вработени во МВР на РМ  и сродни органи и организации кои го прифаќаат овој Статут и Програмата за работа.

Вработените врз основа на слободна изразена желба, стануваат членови на МПС со потпишување на пристапница со која се потврдува прифаќањето на Статутот на МПС.

Членувањето се докажува со членска книшка.

Член 7

1. Права и обврски на членот се:

- да бара остварување на Колективните договори со кои се обезбедува материјалната и социјалната сигурност, по основ на работа, како и потполна заштита на работа;
- бесплатна правна помош во остварување на заштитата на правата од работа;
- да користи средства на солидарниот фонд и разни облици на синдикална помош;
- објективно, сестрано и навремено да биде информиран;
- да го изнесува сопственото мислење, да учествува во изградувањето на политиката,програмите и ставовите на МПС;
- да ги почитува и спроведува одлуките на МПС;
- да се кандидира и да биде избран во органите и телата на сите нивоа на синдикално организирање;
- да покренува иницијатива за утврдување на одговорност и изрекување на соодветни мерки на членовите на МПС и органите на сите нивоа на синдикално организирање, до колку не ја спроведуваат утврдената синдикална политика, усвоените ставови и одлуки и не се придржуваат кон одредбите на овој Статут;
- да штрајкува согласно Законот за штрајк, Законот за внатрешни работи, Колективниот договор и овој Статут;
- редовно да плаќа членарина;
- на награди и признанија што ги доделува МПС;
- набавка на производи и други потреби по синдикални цени и услови;
- да го чува и издига угледот на МПС и
- други права уредени со овој Статут, Колективен договор,акти и документи на МПС.

Член 8

Членот на МПС добива членска книшка. Со издавањето на членската книшка членот се воведува во единственета компјутерска евиденција на МПС.

Членската книшка е во светло сина боја со форма на 8,5 x 5,5 во која се внесени податоците на членот,шифрираниот број на членот во единствената компјутерска евиденција,службениот број,местото и годината на издавање. Во горниот десен агол ке стои амблемот на МПС. На левата стана од книшката ќе стои фотографија на членот ( 3,5 x 3,0 ). На задната страна на книшката ќе стои “Членската книшка е сопственост на МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ. При истапување од членството картичката задолжително се враќа. Членската книшка е непреносលива.” Во средината на горната страна стои амблемот на МПС а на долната страна стои магнетна лента со податоци за членот со претходно изготвен образец.

Член 9

Членството во МПС престанува:

- со истапување на членот, со пополнување пропишан писмен образец - изјава до претседателот на основната организација
- со бришење од евиденција;
- со исклучување од МПС;

Образецот за истапување од членството на МПС со која членот сака да истапи од редовите на МПС покрај предвидените податоци, содржи и изјава со која истиот изјавува дека нема задршки на плата по основ користени бенефиции (позајмици, кредит, стока на одложено плаќање, летување и сл.) преку МПС или од моментот на нивното користење поминале 6 месеци.

Пропишаниот писмен образец - изјава нема да се реализира и доколу членот веднаш по неговото зачленување има користено неповратни средства од фондот за солидарност и од моментот на нивното добивање не поминале 12 месеци.

Податоците од став 2 и 3 на овој член ги проверува стручната служба во МПС и референтите за плата во МВР.

Со престанување на членството во МПС се враќа синдикалната членска книшка.

Член 10

Членот кој не плаќа членарина повеќе од три месеци последователно, според одредбите на овој Статут, се брише од евиденцијата за членување во МПС и должен е да ја врати членската книшка.

Одредбите од став 1 од овој член не се однесуваат за члeновите на МПС кај кој ваквата состојба настанала поради промена на основот за примање плата.

Член 11

Исклучувањето на членот од МПС се врши во Основната организација на МПС, во најтешки случаи на непочитување на статутарните и програмските определби.

Синдикалната организација донесува одлука за исклучување која во рок од 15 дена од нејзиното донесување ја доставува до исклучениот член на МПС.

Исклучувањето на членот заради претходните причини од овој член може да го изврши и Претседателството на МПС.

Член 12

Против одлуката на синдикалната организација исклучениот член може да поднесе жалба до Централниот совет на МПС, а неговата одлука е конечна.

Членот кому му престанало членството доколку изрази желба повторно да се зачлени во МПС треба писмено да се обрати до Основната организација.

Основната организација на МПС на првиот нареден состанок може да одлучи да го одбие или да го прими во членството и да го внесе во евиденција за издавање на членска книшка.

## 6. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОСНОВНИ ОГАНИЗАЦИИ И ПОДРУЖНИЦИ

Член 13

Основна организација на МПС е основен облик на организирање на членовите во МПС, во која врз демократски основи се изразуваат интересите на членовите и се врши усогласување на нивните заеднички и единствени интереси. Заради остварување на заедничките и посебните интереси на членовите Основната организација на МПС е организационен дел на МПС.

Член 14

Иницијатива за формирање на основна организација на МПС покренува група од најмалку 5 0 членови и органите на МПС.

Одлука за внатрешната организациона поставеност на основните оганизации на МПС и нивното поврзување носи Претседателството на МПС.

Доколку во оргнизациониот облик каде е покрената иницијативата, веќе постои основна организација на МПС, претседателството на МПС носи одлука за статусот на истата, по добиено мислење од основната организација која веќе постои.

## 7.СИНДИКАЛНА ПОДРУЖНИЦА

Член 15

Во основна организација на МПС со поголем број членови односно работни единици, заради поцелосна и посестрана активност на членовите како облик на работење и дејствување се формираат синдикални подружници.

Во Синдикалната подружница се избира повереник и негов заменик. Со работата на синдикалната подружница раководи синдикалниот повереник.

Иницијатива за формирање на синдикална подружница покренуваат најмалку 10 члена, Основната организација на МПС и Советите на МПС”.

Одлука за организациона поставеност на Основните организации на МПС по синдикални подружници на предлог на Основните организации носат Советите на МПС.

Член 16

Синдикалната подружница покренува иницијативи и учествува во разгледувањето, предлагањето и заземањето ставови за водење на конкретни акции за сите прашања од интерес на членовите.

Синдикалната подружница организира расправа за документи кои ги донесува синдикалната организација и МПС, дава предлози, забелешки и мислења, а со цел на изградување ставови на синдикалната организација и МПС.

Ставовите изнесени на состаноците на синдикалната подружница се усогласуваат со ставовите на другите синдикални подружници и се изградува единствен став на основната организација.

## 8.ФУНКЦИИ И ЗАДАЧИ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МПС.

Член 17

Основната организација на МПС остварува функции и задачи кои произлегуваат од овој Статут, Програмата за работа, а особено:

- ја следи материјалната и социјалната положба на своето членство; покренува иницијативи и барања и предлага решенија за подобрување на истата;
- учествува во расправата во постапката за донесување на колективните договори и се ангажира за нивно спроведување;
- учествува во расправа што ја организира МПС за одредени закони и други прописи со кои се регулира економската и социјалната положба на членството;
- ги штити правата од работен однос и социјалните права и ги застапува членовите во организацијата односно во установата и надвор од неа;
- се ангажира за создавање и подобрување на условите за работа и заштитата при работа;
- се грижи за благовремено и вистинско информирање на членството;
- се ангажира за обезбедување на услови за задоволување на потребите од културата, уметноста, рекреацијата, одморот и спортувањето на членството;
- ги разгледува Програмата и Извештајот за работа на ОО;
- донесува Одлуки од доменот на своето работење;
- врши и други функции и задачи.

## 9. ОРГАНИ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 18

Органи на основната организација на МПС се:
- Собрание на основната организација и
- Синдикален одбор.

Мандатот на членовите на Синдикалниот одбор на основната организација трае пет години, со можност истиот да биде повторуван.

## 10. СОБРАНИЕ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 19

Собранието на основната организација е највисок орган и го сочинуваат сите членови на основната организација на МПС и се одржува еднаш на пет години и по потреба.

Собранието ја оценува работата на синдикалниот одбор, го усвојува извештајот и програмата за работа на синдикалниот одбор односно основната организација.

Собранието на основната организација, доколку условите на работа не дозволуваат собир на сите членови, истото ќе работи по синдикални подружници и ќе расправа по сите прашања во надлежност на Собранието.

### 10.1 СИНДИКАЛЕН ОДБОР

Член 20

Синдикалниот одбор е извршно тело на Собранието на основната организација. Во основна организација со повеќе синдикални подружници, синдикалниот одбор го сочинуваат синдикалните повереници од подружинците.

Изборот на синдикалниот одбор, претседателот и заменикот на основната организација на МПС мора да се изврши два месеци по одржување на Конгресот ма МПС во процедура утврдена од Претседателството на МПС.

Член 21

Синдикалниот одбор ги реализира следните активности:
- за остварување на Програмата на МПС
- ги подготвува состаноците за работа на основната организација;

- води расправа по актите и документите кои што произлегуваат од Програмата и Статутот на МПС;

- ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието на основната организација и повисоките органи на МПС;

- дава мислење за одговорност на членот за сторените повреди на работната должност и работните обврски како и застапување на работниците пред надлежните старешини и органи и надвор од установата

- на непречено комуницирање со претставниците на органот на управување и раководење и на пристап на работни места во установата кога е тоа потребно за остварување на функциите на сидикалната организација;

- согласно позитивните законски прописи и Колективниот договор, на просторни, материјални, стручни, административни и технички услови за работа на основната организација.

- донесува Одлуки од доменот на своето работење;

## 10.2 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

### Член 22

Претседателот на основната организација на МПС ја организира работата на синдикалниот одбор и Собранието на основната организација, свикува состаноци и претседава на истите, ја претставува основната организација во органот односно во установата и пред органите на МПС.

Претседателот има посебна задача за навремено и вистинито информирање на членството, на органите и на телата на МПС:

- ја насочува активноста на синдикалната организација;

- се залага за унапредување и заштита на интересите на членовите;

- преговара со раководните структури - старешини на органот, установата и надвор од неа заради заштита на економските, социјалните и други права од работен однос;

- ја спроведува утврдената синдикална политика;

- комуницира со повисоките органи на МПС и присуствува на договорни состаноци со претседателите на основните организации;

- дејствува независно во однос на органите на раководење и старешинскиот кадар, верските заедници и политичките партии;

- дава мислење или присуствува на работата на комисиите пред кои се води постапка за кршење на работниот ред и дисциплина за членовите на МПС или овластува друг член;

- агитира и зачленува нови членови;

- врши и други работи во согласност со Статутот и Програмата на МПС, Колективниот договор и актите и документите на основната организација на МПС.

Мандатот на претседателот на основната организација на МПС трае пет години со можност да биде повторуван.

## 10.3 ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Член 23

Во отсуство или спреченост, претседателот на основната организација на МПС со сите овластувања и ингеренции го заменува заменикот претседател на основната организација,кој го именува новоизбраниот претседател на основната организација.

Член 24

Во остварувањето на синдикалните задачи, на претседателот и на синдикалниот одбор им се обезбедуваат непречени услови за работа, вклучувајќи и дел од работното време, работните простории како и други услови за работа и делување на МПС согласно општиот колективен договор, и Колективниот договор на МВР.

Член 25

Претседателот на основната организација,синдикалниот повереник, нивните заменици и членовите на синдикалниот одбор не можат да бидат повикувани на одговорност ниту доведени во неповолна положба, влучувајќи го и нивното отпуштање од работа поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на членовите доколку постапува во согласност со Законот и Колективниот договор, како за време на мандатот така и две години по неговото истечување.

## 11. МЕТОДИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 26

Основната организација, заради заштита и остварување на интересите на членовите, соработува, преговара и користи методи на притисок врз органите на управување и раководење.

Соработката, преговарањеto и користењето на методи на притисок опфаќа информирање на тие органи за интересите, барањата и потребите на членовите, барање на информации од старешините во врска со остварување на подобра економска и социјална положба на членовите, покренување иницијатива, предлагање решенија и преговарање за задоволување на конкретни барања, интереси и потреби на членовите.

Основната организација во случај кога интересите на членовите се загрозени или запоставени, и кога соработката и преговарањето не ги даваат очекуваните резултати, користи легални и легитимни методи на притисок, јавна критика, бојкот на одредени решенија, одлуки и мерки, покренува иницијатива за организирање на протестни собири и други облици на синдикална борба.

Основната организација, за спорните прашања кои не се решени по редовен пат, а се однесуваат на економската, материјалната и социјалната положба на работниците или други прашања од интерес на членовите, по сопствена оценка или на барање на мнозинството членови, иницира штрајк на МПС.

Одлука за иницирање штрајк донесува Собранието на Основната организација доколку за истата се изјаснат повеќе од 50% од членовите. По донесувањето на одлука за иницирање штрајк, Основната организација веднаш го информира Претседателството и Централниот Совет на МПС.

Штрајкот се иницира во согласност со позитивните прописи.

## 12. СОВЕТ НА МПС

Член 27

Заради застапување на специфичните интереси на членовите на МПС од поединечните организациони целини на МВР на РМ и се формираат Совети на МПС

Одлука за внатрешна организациона поставеност на основните организации на МПС и нивно поврзување по Совети носи Претседателството на МПС.

Член 28

Советите на МПС ги сочинуваат претседателите на Основните организации на МПС, членовите на Претседателството и od Одборот на Секцијата на жени и млади од тој Совет.

Основните организации на МПС кои имаат над 200 членови имаат уште еден претставник во Советот на МПС.

Член 29

Советот на МПС ги врши следните активности:

- ја координира работата на основните организации на МПС кои се во состав на Советот на МПС;

- претставува комуникациски мост меѓу претседателството на МПС и основните организации на МПС од својот состав;

- дава мислење и го застапува членот за сторени повреди на работната должност и работната обврска, кога синдикалниот одбор на основната организација тоа го бара, а особено во случаи што ја засегаат целата организациона целина во која е организиран советот на МПС;

- непречено комуницира со раководниот старешина на организационата целина и старешините на организационите единици каде се организирани основните организации на МПС со цел да се надминат и решат глобални проблеми од интерес за МПС;

- располага и е налогодавач на средствата од членарината на МПС, наменети за финансирање на потребите на основните организации на МПС;

- одговорен е за правилното и непречено информирање на основната организација со одлуките на претседателството на МПС, Конгресните акти и извештаите на Надзорниот одбор на МПС.

- донесува одлуки од доменот на своето работење;

- ја оценува работата на претеседателот на Советот на МПС;

Член 30

Советот на МПС се состанува по потреба, по иницијатива на претседателот на Советот на МПС, или претседателот на основната организација - членка на Советот на МПС, но најмалку еднаш на два месеци.

Во зависност од прашањата кои се третираат на седница на Претседателството на МПС, претседателот на Советот на МПС оценува дали ќе свика состанок на Советот на МПС пред седницата на Претседателството на МПС, но е должен најдоцна 15 дена по седницата на Претседателството на МПС да ги информира членовите на Советот на МПС, а доколку е потребно и да побара став по одредено прашање.

## 13.ОРГАНИ НА МПС

Член 31

Органи на МПС се:

- Конгрес
- Централен совет
- Претседателство
- Надзорен одбор.
- Статутарна комисија

## 13.1 КОНГРЕС

Член 32

Конгресот е највисок орган на МПС. Истиот се свикува на пет години. Одлука за датумот и местото на одржувањето, како и предлог за дневниот ред за работа на Конгресот донесува Претседателството најдоцна 30 дена пред денот на неговото одржување.

Членовите на Претседателството се делегати на Конгресот.

Член 33

Вонреден Конгрес може да се свика со одлука на Претседателството или по писмено барање на Советите на МПС кои претставуваат повеќе од 50% од вкупниот број на Совети на МПС најдоцна 15 дена пред денот на неговото одржување.

.

Член 34

За да работи Конгресот, потребно е присуство на две третини од делегатите на Конгресот, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните.

Член 35

Конгресот на МПС ги има следните надлежности:

- донесува деловник за работа на Конгресот;
- донесува Статут и Програма на МПС;
- ги разгледува и усвојува извештаите за работа на Претседателството и Надзорниот одбор и Статутарна комисија
- врши избор и разрешување на членови на Претседателство, Надзорен одбор и Статутарна комисија
- врши избор на Претседател на МПС;
- избира генерален секретар, заменик генерален секретар и членови на Претседателството од Советите на МПС од листата која Претседателот ја доставил при својата кандидатура.
- врши избор на делегати и членови на органите на повисоките форми на здружени синдикати на национално ниво во кои МПС е здружен или членува.

## 13.2 ЦЕНРАЛЕН СОВЕТ

Член 36

Централниот Совет на МПС е највисок советодавен орган на МПС помеѓу два Конгреса.

Централниот Совет го сочинуваат членовите на Претседателството и претседателите на основните синдикални организации. Претседателот на МПС ги свикува седниците на Централниот Совет и претседава со нив. Централниот Совет на МПС се состанува и по иницијатива од најмалку 1/3 од основни организации.

Член 37

Централниот Совет се состанува најмалку два пати годишно, а по потреба и почесто. Централниот Совет особено ги извршува следните задачи:

- го усвојува годишниот извештај за активностите на Претседател-ството на МПС;
- ја усвојува годишната програма за активностите на МПС;
- го разгледува финансискиот извештај на Претседателството на МПС;
- утврдува ставови на МПС од интерес на членството кои треба да се спроведуваат единствено;
- ги верификува измените и дополнувањата на Статутот на МПС донесени од Претседателството на МПС;
- избира комисија која одлучува во втор степен по жалби и приговори за прашања што ќе ги определи претседателството на МПС;
- и други прашања кои ќе се поставаат на разгледување на Советот, а по предлог на Претседателот или Претседателството на МПС.
- врши избор на делегати и членови на органите на ССМ односно повисоките асоцијации во кои се здружува МПС, во случај кога од оправдани причини истото не може да се стори на Конгрес на МПС;
- донесува одлуки од доменот на своето работење;

## 13.3 ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

Член 38

Претседателството е постојан орган на МПС кој работи и дејствува помеѓу два Конгреса.

Член 39

Структурата на Претседателството е соодветно на организационата поставеност на МПС.

Член на Претседателството може да биде секој кој е најмалку 24 месеци непрекинато член на МПС сметајки до денот на кандидирањето.

Одлуката за бројот и составот на Претседателството на МПС се носи најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на Конгресот.

Претседателството го сочинуваат: претседателот, генералниот секретар, претставниците на МПС во ровисоките форми на здружени синдикати на национално ниво во кои МПС е здружен или членува , претседателот на Секција на жени и на млади на МПС, пет професионални членови кои се бираат на предлог на новоизбраниот претседател на МПС и други членови на Претседателството кои се утврдени со Одлуката за бројот и составот на Претседателството на МПС, при тоа водејќи сметка за правичната застапеност на жените и припадниците на заедниците во Република Македонија.

Член 40

Во текот на мандатниот период, Претседателството може да врши замена на членовите на својот состав по предлог на претседателот на МПС од мнозинството на Претседателството или по предлог на Советот на МПС при Секторот од каде потекнува членот на претседателството до една третина од вкупниот број со двотретинско мнозинство.

Претседателот на МПС, Советот на МПС при Секторот, односно мнозинството на Претседателството е должно да ја образложи предложената замена на член од Претседателството.

Член 41

Претседателството ги остварува функциите на МПС утврдени со овој Статут и дејствува врз основа на програмските определби.

Претседателството за својата работа е одговорно пред членството, Советот и Конгресот на МПС.

Член 42

Претседателството на МПС особено работи на остварување на следните задачи:

- донесува програма за работа за тековната година (годишна програма) врз основа на Програмата за работа на МПС;

- ја координира работата на основните организации и органите на МПС заради реализирање на програмските определби;

- утврдува ставови по сите прашања од интерес на членството кои треба да се спроведуваат единствено;

- склучува колективен договор;

- учествува во утврдување на најниската плата и во интерес на обезбедување на материјалната и социјалната сигурност на своето членство;

- ги заштитува правата на членството од работниот однос;

- се залага за подобрување на условите за работа;

- обезбедува правна помош за членството, самостојно и преку соодветните служби на Сојузот на синдикатите на Македонија;

- остварува меѓународна синдикална соработка;

- остварува разговори, преговори, предупредувања, притисок, вклучувајќи и генерален штрајк во согласност со позитивните законски прописи;

- распишува и спроведува избори и донесува одлуки и упатства во врска со нив;

- го унапредува информирањето во рамките на МПС и пошироката јавност;

- донесува план за финансиско работење на МПС;

- формира фонд за солидарност и други фондови;

- предлага решение при донесување на закони и други прописи со кои се определува општествено-економската положба на работниците од оваа дејност и за истото ги известува надлежните органи;

- се грижи за развој на организационата поственост на МПС, доградување и усовршување на синдикалното организирање, оспособува - ње на синдикалното членство и синдикалните кадри преку организирање на семинари, советувања и сл.;

- дава толкување на овој Статут помеѓу два конгреса и врши измени и дополнувања на истиот во координација со Статутарната комисија;

- коптира членови на Претседателството;

- дејствува и се ангажира за создавање на соодветни услови за одмор, закрепнување и рекреација на членството, и за непосредно учество на синдикалниот претставник при распределување и користење на објектите за одмор и рекреација;

- по потреба формира комисии и работни групи како постојани или повремени тела;

- донесува одлуки за формирање и основање на додатни дејности (претпријатија, агенции и сл.) за набавка, трговија, туризам, осигурување, штедење, клубско живеење, угостителски и други услуги, а во интерес на потребите на своето членство;

- донесува одлуки за бројот, составот и структурата на Конгресот и Претседателството;

- учествува во утврдувањето на политиката и ставовите на повисоките форми на здружени синдикати на национално ниво во кои МПС е здружен или членува;

- се грижи за нивно реализирање и самостојно ги извршува своите задачи во согласност со овој Статут и Програмата за работа;

- свикува Централен Совет на МПС;
- организира спортски игри, натпревари и екскурзии;
- донесува други одлуки и врши други работи од своја надлежност, а во интерес на членството.

Член 43

Претседателството развива методи и облици на дејствување кои се соодветни на условите и потребите на сопствената средина, врз основа на јавност во работата, демократско донесување на одлуки и контрола врз нивното извршување.

Претседателството може да работи кога на седниците присуствува-ат две третини од неговото членство, а одлуките се полноважни ако за нив се изјасни мнозинството од присутните членови.

## 13.4 ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 44

Членовите на Претседателството ги имаат следните права и обврски:
- активно да учествуваат во работата на Претседателството;
- да ги следат состојбите и проблемите и да предлагаат мерки за нивно надминување и разрешување, како и да придонесуваат за спроведување на заклучоците на Претседателството.

Член 45

Член на претседателството може да биде разрешен ако не ги спроведува ставовите,одлуките и задолженијата на МПС,како и заради континуирана неактивност и неоправдано отсуство на три седници во текот на годината или на две последователно.Неоправданоста ја цени и испитува претседателот на МПС.

Одлука за разрешување донесува Претседателството.

Членот на Претседателството кој не ги прифаќа донесените одлуки може да поднесе оставка од членство во Претседателството.

Постапката за замена на разрешениот член се спроведува согласно одредбите на чл. 40 од овој Статут.

Мандатот на членовите на Претседателството трае пет години и истиот може да биде повторуван.

## 13.5 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МПС

### Член 46

Конгресот на предлог на Претседателството избира Претседател на МПС, од редот на кандидатите кои ги исполнуваат условите.

Мандатот на Претседателот на МПС трае пет години и истиот може да биде повторуван.

Кандидат за Претседател на МПС може да биде секој кој е член на МПС најмалку 8 години непрекинато до денот на кандидирањето и кој има висока стручна спрема.

Кандидатурата за Претседател на МПС се доставува до Претседателството на МПС најдоцна во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Одлуката за датумот и местото на одржувањето на Конгресот на МПС.

Кандидатите за Претседател на МПС се должни до Претседателството на МПС да достават сопствена програма за активности на МПС како и листа со кандидати за генерален секретар и членови на Претседателството од Советите на МПС која ќе биде доставена на увид во Основните организации на МПС.

### Член 47

Претседателот го претставува и застапува МПС во земјата и во странство, ги свикува седниците на Претседателството и раководи со нив,

- ја насочува активноста на МПС и се грижи за почитување на Статутот и реализирање на Програмата за работа, одлуките и заклучоците на Претседателството;
- остварува соработка и преговара со надлежните од институциите на законодавната и извршната власт во Републиката по прашања од непосреден интерес на членството;
- ги застапува целите и интересите на МПС во Претседателството и Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија;
- остварува соработка со други синдикати во рамките на ССМ;
- воспоставува контакти и соработка со соодветни синдикати и синдикални асоцијации од други земји;
- ги потпишува сите акти на МПС;
- наредбодавач и потписник на средствата, односно сметките на МПС;
- востановува и доделува јубиларни и други награди за истакнати членови на МПС и стручната служба;
- работодавач е на стручната служба на МПС и на секретарот доколку истиот заснова работен однос во МПС;
- од листата на членовите на Претседателството усвоена на Конгрес на МПС,именува претседатели на Советите на МПС и нивни заменици.
- врши и други работи во согласност со овој Статут и Програмата за работа.

Претседателот за својата работа е одговорен пред Конгресот.

Претседателот може да биде отповикан на вонреден конгрес.

Член 48

Претседателот на МПС функцијата може да ја врши волонтерски или професионално за што се изјаснува на првата седница на Претседателството.

Доколку функцијата ја извршува волонтерски, на претседателот му следува паричен надомест во вид на функционерски додаток кој е во висина на 50% од просечната месечна плата на вработените во МВР на РМ.

Доколку функцијата ја извршува професионално, на претседателот му следува паричен надомест во вид на функционерски додаток кој е во висина на просечната месечна плата на вработените во МВР на РМ, како и сите надоместоци и други примања кои произлегуваат од Законот за работни односи, Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР.

Член 49

Во случај на болест, отсуство или спреченост на претседателот во извршувањето на функцијата до 3 месеци, истиот го менува Генералниот секретар на МПС.

Доколку отсуството или спреченоста во извршувањето на функцијата од став 1 настане 1 година пред одржување на конгресот, истиот го менува и со МПС раководи колективно работно тело составено од помошниците на Генералниот секретар на МПС, заменикот на Генералниот секретар и Генералниот секретар кој ја координира работата на ова тело

## 13.6 ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА МПС

Член 50

Конгресот избира Генерален секретар од листата која ја предложил Претседателот при неговата кандидатура и истиот мора да има висока стручна спрема.

Доколку не заснова работен однос во синдикатот на генералниот секретар му следува паричен надомест во вид на функционерски додаток кој е во висина на 70% од просечната месечна плата на вработените во МВР на РМ, како и сите надоместоци и други примања кои произлегуваат од Законот за работни односи, Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР,долоклу со непосреден договор со МВР на РМ не е поинаку уредено.

Член 51

Генералниот секретар ги врши следните работи:

- ги подготвува седниците на Претседателството и на другите органи и тела на МПС и се грижи за нивната реализација;
- подготвува матерјали за седниците и на органите и телата на МПС;
- по овластување на Претседателот врши работи за редовно функциони-рање на МПС, учествува во работата на органите и телата на повисоките форми на здружени синдикати на национално и меѓународно ниво во кои МПС е здружен или членува.
- го организира и е одговорен за работењето на Стручната служба на МПС;
- го координира работењето на помошниците на Генералниот секретар;
- ја организира и е одговорен е за меѓународната комуникација на МПС;
- ја организира правната заштита на МПС и членството;
- учествува во проектите на законските и други акти од интерес за МПС, и
- врши и други работи во согласност со Статутот и Програмата на МПС.

За својата работа секретарот е одговорен пред претседателот и Претседателството на МПС.

Член 52

Конгресот по предлог на Претседателот именува заменик на Генералниот секретар.

Заменикот на Генералниот секретар го менува Генералниот секретар во негово отсуство со сите негови ингеренции и врши други работи по налог на Претседателот и генералниот секретар на МПС, на кои им одговара за својата работа.

Член 53

Претседателот на предлог на Генералниот секретар именува помошници на генералниот секретар.

Член 54

Помошниците на Генералниот секретар се непосредно одговорни за спроведувањето на одлуките и заклучоците на МПС, ја координираат работата на комисиите и телата што Претседателството ќе ги формира за одредена проблематика, непосредно ги спроведуваат и надгледуваат изборните активности во Советите на МПС при Секторот, на ОО на МПС и вршат други работи од интерес на МПС, а по налог на претседателот и Претседателството на МПС.

За својата работа помошниците на Генералниот секретар се одговорни пред Генералниот секретар и Претседателот на МПС.

Помошниците на Генералниот секретар својата функција ја извршуваат професионално;

За помошници на генералниот секретар по правило може да бидат именувани лица со висока стручна спрема.

На помошниците на Генералниот секретар им следува паричен надомест во вид на функционерски додаток кој е во висина на 40% од просечната месечна плата на вработените во МВР на РМ, како и сите надоместоци и други примања кои произлегуваат од Законот за работни односи, Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР, доколку со непосреден договор со МВР на РМ не е поинаку уредено.

## 13.6 ИЗВРШНО БИРО НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА МПС

### Член 55

Претседателот, Генералниот секретар , заменикот генерален секретар и помошниците на генералниот секретар го сочинуваат Извршното биро на Претседателството на МПС.

Извршното биро на Претседателството на МПС дејствува ад хок, кога е неможно или нефлексибилно собирањето на целокупното Претседателство на МПС, за што одлучува претседателот на МПС.

Извршното биро ги има ингеренциите на Претседателството на МПС со обврска на наредната седница на Претседателството на МПС да ги верификува своите одлуки и активности.

## 13.6 НАДЗОРЕН ОДБОР

### Член 56

Надзорниот одбор врши надзор врз материјално-финансиското работење на МПС, донесува заклучоци и предлага мерки на Претседателството за подобрување на материјално-финансиското работење.

Надзорниот одбор е составен од три члена и три заменици. Членовите на Надзорниот одбор и замениците ги избира Конгресот.

Членовите на Претседателството како и Претседателот и Секретарот неможат да бидат членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор од својот состав избира претседател. Мандатот на членовите трае пет години.

Надзорниот одбор се состанува по потреба, но задолжително по поднесувањето на завршната сметка на МПС.

## 13.7 СТАТУТАРНА КОМИСИЈА

Член 57

Статутарната комисија е орган на МПС кој врши надзор на спроведувањето на Статутот и одлучува по претставки и жалби на членовите.

Членовите на Статутарната комисија не можат да бидат членови на Претседателството на МПС;

Статутарната комисија се избира на Конгрес и е составена од 3 члена и 3 заменици. Претседателот на Статутарната комисија се избира од составот на избраните членови.

Член 58

Статутарната комисија ги има следните надлежности:

- во координација со Претседателството дава толкување и предлага измени и дополнувања на овој Статут помеѓу два Конгреса;
- се грижи за спроведување на статутарните и програмските определби;
- решава по жалби и преставки на членовите на МПС по однос на нивните статутарни права;
- поднесува Извештај за своето работење на Конгресот;

# 14. ВНАТРЕШНИ ОДНОСИ, ОДЛУЧУВАЊЕ И ШТРАЈК

Член 59

Штрајкот е организиран прекин на работа на членовите на МПС заради остварување на економските и социјални интереси по основ на трудот.

Штрајкот се спроведува под условите утврдени со Законот за штрајк, Законот за работни односи, Законот за внатрешни работи, Законот за Полиција Законот за агенцијата за разузнавање, Општиот колективен договор, Колективниот договор на Министерството според одредбите на овој Статут.

Член 60

Иницијатива за генерален штрајк на МПС се поведува по барање на Претседателството или на Советите на МПС.

Изјаснувањето на Советите на МПС треба да произлегува врз основа на расправа во ОО на МПС.

При изјаснувањето Советите на МПС можат наместо штрајк на Претседателството да му предложат одржување протест. Доколку Претседателството донесе одлука за протест истиот се организира согласно Законот за јавни собири.

Одлука за генерален штрајк донесува Претседателството со двотретинско мнозинство гласови, а по претходно изјаснување во сите Совети на МПС.

Одлуката за штрајк ќе биде поставена на седница на Претседателството доколку за штрајк се изјасниле повеќе од 50% од бројот на Советите на МПС.

Изјаснувањето на Советите на МПС треба да произлегува врз основа на расправа во ОО на МПС.

Член 61

Доколку во текот на генералниот штрајк дојде до битни промени односно задоволување во однос на истакнатите барања во штрајкот, и отпочнат преговори, Претседателството во функција на штрајкувачки одбор ќе донесе одлука за понатамошниот тек на штрајкот.

Во случај Претседателството да одлучи генералниот штрајк да се прекине, потребно е претходно информирање на Советите на МПС за причината за таквата одлука и за удоволените барања, за што по нивна согласност со одлука на двотретинско мнозинство од Претседателството штрајкот го прекинува или става во мирување.

Надоместок на плата за време на штрајкот се остварува во согласност со одредбите на Законот за работни односи и Колективниот договор.

## 15. ФИНАНСИРАЊЕ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НА МПС

Член 62

Работата на МПС се финансира од членарината на членовите и од други приходи како што се: доброволни прилози, спонзорство, донаторство, камата на свои средства, банкарски записи, подароци и др.

Член 63

Висината на членарината изнесува 1% од платата на членот.

Средствата од членарината кои се уплатуваат на жиро-сметката на МПС се распределуваат на следниот начин:

**I.** 0,60% за финансирање на функциите на МПС;

а) за финансирање на функциите на МПС;

б) за финансирање на потребите на основните организации;

в) за финансирање и партиципација во повисоките форми на асоцијација на МПС.

Одлука за распределување на средствата од претходниот став донесува Претседателството на МПС.

**II.** 0,40% за фондот за солидарност;

Средствата од 0,40% се наменети за фондот за солидарност, за што се води посебна евиденција, а се исплаќаат во согласност со Правилникот за начинот на функционирање и распределба на средствата на фондот на солидарност.

Член 64

Конгресот на МПС како највисок орган, а по претходна расправа и согласност на основвните организации, на барање на членството го утврдува процентот на синдикалната членарина.

Член 65

Финансиското работење на МПС се врши во согласност со позитивните законски прописи.

Претседателството е должно најмалку еднаш годишно да поднесе извештај за финансиското работење до Советот на МПС.

Член 66

МПС може да развива предприемачки односи, може да основа самостојно или со други субјекти, синдикални претпријатија, задруги, штедилници и банки, за што одлука донесува Претседателството.

## 16.СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 66

За вршење на стручните административни, технички и други работи за потребите на органите на МПС се формира стручна служба.

Бројот на извршителите, работните задачи и наградувањето се регулираат со посебни акти што ги носи Претседателот. Вработените во стручната служба имаат право на плата и надомест на плата во согласност со условите и критериумите утврдени со Закон и Колективен договор, за што донесува одлука Претседателот на МПС.

Дел од работите од предходните ставови на овој член може да ги вршат и други стручни служби и институции со договор за обемот, начинот и надоместокот за извршената работа.

Вработените во стручната служба засноваат работен однос во овој Синдикат за што решение донесува претседателот на МПС во својство на работодавач.

Со работтата на стручната служба раководи генералниот секретар на МПС

## 17. ЗНАМЕ, АМБЛЕМ И ПЕЧАТ

Член 67

МПС има свое знаме и тоа на светло сина подлога, во средината е вграден амблемот на МПС, обрабено е со темно сини реси, а со темно плави букви е испишано името “Македонски Полициски Синдикат”.

Член 68

МПС има амблем кој го симболизира карактерот на дејноста на организацијата. Амблемот има форма на штит кој во средишниот дел има форма на круг со светло сина подлога во кој стои МПС и тоа во горниот дел на кирилица, а во долниот дел на латиница. Во средината на кругот стои уметничка форма со жолта боја на раце кои се поздравуваат. На работ од кругот на бела основа стои испишано во горната половина “Македонски Полициски Синдикат” со кирилично писмо, а на долната “Мацедониан Полице Csндицат” со латинично писмо. Маргините на штитот се со темно-сина боја и во него симетрално стојат 8 зрака на сонце кое е со сребренасто-сива боја.

Член 69

Печатот на Претседателството на МПС е тркалезен и го содржи следното име: Македонски полициски синдикат-Претседателство-Скопје, во средина на печатот стои амблемот на МПС.

## 18. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 70

МПС може да престане со работа доколку Конгресот донесе одлука за престанување на постоење на МПС ако за одлуката се изјаснат две третини од делегатите на Конгресот.

Во случај на укинување на МПС правните наследници на средствата и имотот на МПС се определуваат во одлуката на Конгресот за престанок за постоење.

Статутот се донесува на Конгрес на МПС по предходна расправа во основните организации. Измени и дополнувања на Статутот се вршат на начин и постапка утврдена во истиот, со обврска на наредниот Конгрес истите да бидат верифицирани.

Член 71

Членовите на МПС, синдикалните претставници на синдикалните подружници, основните организации, органите на МПС, Конгресот, Претседателството и Надзорниот одбор се должни да работат и постапуваат согласно одредбите на овој Статут.

Член 72

Измените и дополнувањта на овој Статут се извршени на седниците на Претседателството на МПС одржани на ден 19.06.2002година и 23.12.2005 година а верификувани на седниците на Централниот Совет на Македонскиот Полициски Синдикат, одржани на 20.06.2002 година и 24.12.2005 година како и на седница на Претседателството на МПС одржана на 30. 06.2010 година а верификувани на 5 Конгрес на МПС одржан на 22.10.2010 година.

Овие измени и дополнувања стапуваат во сила со денот на нивното донесување.

Македонски полициски синдикат
Претседател
Тихомир Климоски